

МЦМС

ГОДИШЕН

ИЗВЕШТАЈ

1998





МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ИЗВРШЕН ОДБОР

Г. Мирко Спироски, претседател

Г-ѓа Нуриje Кадриу

Г. Зоран Костов

Г. Мухамед Точи

Прота Драги Костадиновски

Зејнула ефенди Фазлиу

Пречесен Михаил Цеков

Г. Иван Тулевски

Г-ца Наташа Габер

Г-ѓа Теута Крашница -Чучкова

Спроведувањето на активностите на МЦМС во текот на 1998 година беше овозможено со поддршка на донаторите:

КОНЗОРЦИУМ ЗА МАКЕДОНИЈА

ICCO */Меѓуцрковна организација за развојна соработка/*, Холандија

DCA */Данска црковна помош/*, Данска

BCEE */Биро за Централна и Источна Европа/*, Холандија

LF */Либерти фондација/*, Холандија

ED */Биро за Европа/*, Холандија

CAID */Христијанска помош/*, Велика Британија

DW */Diakonishes Werk/*, Германија

ВЛАДИНИ И МЕЃУВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

DGIS */Генерален директорат за меѓународна соработка на Министерството за надворешни работи на Холандија/*

СТРУЧНА СЛУЖБА

Сашо Клековски - ПРОГРАМ-ДИРЕКТОР

Павел Роман Пападимитров - РАКОВОДИТЕЛ

Луција Поповска - РАКОВОДИТЕЛ

Александар Бужаровски - РАКОВОДИТЕЛ

Гонце Јаковлеска - АСИСТЕНТ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Љупчо Кочовски - ПРОЕКТ-АСИСТЕНТ

Димче Митрески - ПРОЕКТ-АСИСТЕНТ

Горан Булдиоски - ПОМЛАД ОБУЧУВАЧ

Сунчица Миневска - ПРОЕКТ-АСИСТЕНТ

Лилјана Алчева-Јовановска - ПРОЕКТ-АСИСТЕНТ

Тетјана Лазаревска - ПРОЕКТ-АСИСТЕНТ

Ацо Кочовски - ПРОЕКТ-АСИСТЕНТ

Александар Кржаловски - СИСТЕМ-ПРОГРАМЕР

Тони Гицев - DTP ОРГАНИЗАТОР

Валентина Чичева - АДМИНИСТРАТИВЕН СЕКРЕТАР

Анета Трајковска - РЕЦЕПЦИОНЕР

Весна Богдановска - ХИГИЕНИЧАР

СОРАБОТНИЦИ

БАНКИ

ЗПП - Скопје
жиро-сметка бр. 40100-678-40440

АЛМАКО БАНКА
„Васил Главинов" бб
(мезанин, блок 10), Скопје
Тел. 091/113-200
МЦМС сметка бр. 4878256

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
кеј „Димитар Влахов" бр. 4, Скопје
Тел. 091/112-077
МЦМС сметка бр. 5733

Ревизор:
PRICEWATERHOUSECOOPER
бул. „Маршал Тито" бр. 12
Палата „Македонија" IV спрат
Тел. 091/116-638
Тел./Факс 091/116-525

МИСИЈА

МАКЕДОНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА (МЦМС) Е НЕВЛАДИНА И НЕПРОФИТНА АСОЦИЈАЦИЈА ШТО РАБОТИ ВО ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ, ГРАДЕЊЕ НА СВЕСТА И ОСНОВНА ПОМОШ ВО МАКЕДОНИЈА.

ЦЕЛТА НА МЦМС Е ДА СЕ КОНЦЕНТРИРА НА ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ХУМАНИТЕ РЕСУРСИ ВО МАКЕДОНИЈА.

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ, МЦМС ГИ МОБИЛИЗИРА И ОРГАНИЗИРА ЧОВЕКОВИТЕ РЕСУРСИ И МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО.

МЦМС ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОБЕЗБЕДУВА СРЕДСТВА ОД ПОВЕЌЕ АГЕНЦИИ НА СВЕТСКИОТ СОВЕТ НА ЦРКВИТЕ И ОД ВЛАДИНИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ.



ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И МЕТОДИ

Поаѓајќи од генералната цел, МЦМС дефинира три долгорочни цели:

- Промоција на мирот
- Организирање на граѓанското општество и
- Помош на оние што имаат потреба

Активностите се спроведуваат низ шест програмски сектори:

- Граѓанско општество, свест и демократизација;
- Рурален развој;
- Водоснабдување и санитација;
- Вработување и генерирање приходи;
- Здравство и образование и
- Итна помош.

Спроведувањето на активностите се одвива преку:

- Финансиска поддршка на развојни иницијативи/проекти со грантови/заеми
- Обука и консултации
- Информации и
- Застапување и лобирање

МЦМС е запишан во Регистарот на општествени организации и здруженија на граѓаните во Министерството за внатрешни работи, ГУВР Скопје, под реден број 1668, со решение број 10-90/1 од 09.09.1994 година. МЦМС е општествена организација со социјално-хуманитарни цели. Матичен број 4878256.

ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

Петтата година од постоењето на Македонскиот центар за меѓународна соработка ќе биде запаметена по неколку настани. Во оваа, 1998 година, се одржаа третите повеќепартиски избори во Македонија и се изврши прва смена на власта во повеќепартискиот систем. На економски план, трендот на зголемена невработеност се задржа и покрај напорите со посебни законски акти да се подобри состојбата во оваа сфера. Во регионот не беше безбедно. Заканата наречена Косово повторно беше активирана и остана прашање за безбедноста на Македонија до крајот на годината.

На 18 мај 1998 година на МЦМС му беше доделена САД/ЕУ Награда за демократија и граѓанско општество. Оваа награда по повод 50-годишнината од Маршаловиот план и 40-годишнината од Договорот во Рим, САД и ЕУ ја доделија на 50 организации и индивидуи од Централна и Источна Европа како признание на храброста и посветеноста во промоцијата на есенцијалните принципи на демократијата и граѓанското општество. МЦМС беше единствениот добитник на ова признание во Македонија.



Мирко Спироски
ПРЕТСЕДАТЕЛ



Сашо Клековски
ПРОГРАМ-ДИРЕКТОР

МЦМС го заврши своето среднорочно планирање. Среднорочниот план за периодот 1998-2000 година започна да се спроведува. Работата на МЦМС сега се фокусира на одржливиот развој и градењето на свеста наместо на развојот и рехабилитацијата кои беа во фокусот во периодот од 1995 до 1997 година. Генералната *цел на организацијата од развој на човековите и материјалните* ресурси, се концентрира на поддршка и развој на локалните и националните иницијативи за унапредување на одржливиот развој на хуманите ресурси во Македонија.

МЦМС ја основа Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) како дел од напорите за поголемо влијание во секторот на вработување и остварување приходи.

И покрај извесните задоцнувања во одобрувањето на среднорочниот план на МЦМС, проектното портфолио во текот на 1998 година е зголемено за 23.08% во однос на 1997 година. Со приближно 36 милиони МКД буџет, остварени се 80 проекти со кои се опфатени повеќе маргинализирани групи: селаните, жените, етничките малцинства, хендикепираните и нивните организации.

МЦМС посвети адекватно внимание и на развојот на својот персонал преку организирање скроени курсеви и индивидуални обуки.

Во рамките на соработката со донаторите, одржана е првата средба на Извршната група на Конзорциумот. Средбата се одржа во Скопје.

И соработката со властите на национално ниво се карактеризираше со поволен развој. Со Министерството за правда е остварена соработка за Законот за здруженија на граѓани и фондации, а со Министерството за финансии за Законот за данок на додадена вредност. Законот за здруженија на граѓани и фондации е прв успешен пример за лобирање и застапување.

Извештајот за работата и Финансискиот извештај се преглед на достигнувањата и развојот на МЦМС.

Dear Award Winner

You are one of fifty organisations and individuals to receive a US-EU Democracy and Civil Society Award, which commemorates the 50th anniversary of the Marshall Plan and the 40th anniversary of the Treaty of Rome. On behalf of the United States of America and the European Union, we are delighted to recognise your courage and commitment to the promotion of the essential principles underlying democracy and civil society.

Your efforts provide encouragement and inspiration to us all. We are pleased that the prize of $20,000 will permit you to continue your invaluable work in pursuit of our common goals.

We wish you every success in the future,

William Clinton

Jacques Santer

Tony Blair

UNITED STATES

EUROPEAN UNION



Democracy and Civil Society Award

In recognition of achievements in promoting democratic values and a civil society this award is presented to

MCIC

The courage and commitment of reformers in the Former Yugoslav Republic of Macedonia have been an outstanding example to all of us. These Democracy and Civil Society Awards symbolize the continuing commitment of the United States and the European Union to support democracy, reform and civil society.

ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА

Програма за водоснабдување на селата



ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ

Основно и здравствено образование за групите во неповолна и маргинализирана положба



ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО, СВЕСТ И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА

Програма за граѓанско општество

Други и останати програмски активности



ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА



ВО 1998 ГОДИНА МЦМС РАБОТЕШЕ ВО ТРИ ОСНОВНИ ПРОГРАМСКИ СЕКТОРИ СО ТРИ ПРОГРАМИ, НО СПРОВЕДЕ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ.



ПРОГРАМА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛАТА

ОПШТА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛАТА Е ДА СЕ ПРИДОНЕСЕ ВО СОЗДАВАЊЕТО НА УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ВО СЕЛАТА, ЗА СИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО НИВ.

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА Е ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ЗА ЛУЃЕТО ВО СЕЛАТА. ПРОГРАМАТА ИМА ЗАДАЧА ДА ГИ СТИМУЛИРА СЕЛСКИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕТО СО КВАЛИТЕТНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ЗА ЛУЃЕТО; ДА ГО ПОДДРЖИ РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА ДОНАЦИИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ЗАЕДНО СО ТОА ШТО ЌЕ ГО ОБЕЗБЕДАТ СЕЛАНИТЕ, ЛОКАЛНИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ ВЛАСТИ И ЛОКАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА; И ДА ГО СТИМУЛИРА ОСНОВАЊЕТО НА ЛОКАЛНО БАЗИРАНИ „ЗДРУЖЕНИЈА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛАТА“.

Според новата територијална поделба на општините и според воспоставените критериуми на Програмата за водоснабдување на селото, во 1998 година беа опфатени 53 општини од централниот и источниот дел од земјата и тоа: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Витолиште, Тополчани, Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Клечовце, Орашац, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Свети Николе, Лозово, Велес, Чашка, Извор, Богомила, Градско, Пробиштип, Злетово, Неготино, Демир Капија, Радовиш, Подареш, Конче, Валандово, Гази Баба - Скопје, Арачиново, Илинден, Петровец, Кисела Вода-Скопје, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Карпош-Скопје, Кондово, Сарај, Ѓорче Петров, Чаир-Скопје, Чучер-Сандево, Крушево, Кочани, Облешево, Чешиново, Оризари, Зрновци, Штип, Карбинци, Кавадарци, Росоман и Конопиште.



Во текот на 1998 година, МЦМС одобри вкупно 18 проекти во Програмата за водоснабдување на села. Со нив беа опфатени 18 села. Со спроведувањето на проектите здрава вода за пиење добија 5.211 корисници. Според националниот состав, најголемиот дел од корисниците (66,15%) се Македонци, а останатите (33,85% од корисниците)се припадници на етничките малцинствата.

Со Програмата за водоснабдување на селата во 1998 година беа изградени или опремени: 3 пумпни станици, 2 каптажи, изградени беа 540 м³ резервоарски простор (11 резервоари) и 18.950 м' цевовод.



Вкупната вредност на поддржаните проекти изнесува 42.275.799 МКД. МЦМС учествуваше со 18.855.569 МКД, (44,60%) обезбедени од ICCO и Liberty foundation. Останатите средства се обезбедени од страна на селаните, локалните претпријатија и државата.

ВО 1998 ГОДИНА ПРОГРАМАТА БЕШЕ НАСОЧЕНА КОН ЖИТЕЛИТЕ НА СЕЛАТА ВО МАКЕДОНИЈА, СО СПЕЦИФИЧНО ФОКУСИРАЊЕ НА РЕГИОНИТЕ КОИ ИМААТ ПРОБЛЕМИ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО. ДИРЕКТНИ КОРИСНИЦИ НА ПРОГРАМАТА БЕА ОКОЛУ 5.200 ЖИТЕЛИ ОД 18 СЕЛА КОИ ИМААА ПРОБЛЕМИ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО.

СЕЛО ГОРНО СЕЛО, ДОЛНЕНИ

„ЗНАЕВ ДЕКА НА ОНИЕ КОИ НЕМАА ДОВЕРБА ИМ Е ПОТРЕБНО ДА ВИДАТ НЕШТО КОНКРЕТНО. КОГА ЗАПОЧНАА ЗЕМЈЕНИТЕ РАБОТИ ВО СЕЛОТО И КОГА МАШИНИТЕ ГИ ОДМИНУВАА КУЌИТЕ НА ОНИЕ КОИ НЕ ГО ПЛАТИЈА САМОПРИДОНЕСОТ, ЛУЃЕТО ЗАПОЧНАА ДА СЕ КОЛЕБААТ. ПОЧНАА ДА ИНТЕРВЕНИРААТ, ДА БАРААТ ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО МРЕЖАТА", ВЕЛИ МИЛЕ СТАМЕНКОСКИ

Иако звучи малку неверојатно, можеби и тажно, дел од граѓаните на оваа држава, на прагот на новиот XXI век сè уште не можат да ги почувствуваат благодетите на нормалниот живот. Добар дел од луѓето кои останале да живеат на село сè уште мораат да одат на селската чешма да наполнат вода за пиење.

До скоро, и жителите на Горно Село, Долнени (Прилеп), со вода се снабдуваа на истиот начин. Од крајот на ноември 1998 година, за среќа, оваа состојба се промени.

Горно Село се наоѓа во подножјето на Златоврв, општина Долнени. Од градот Прилеп е оддалечено околу 18 км. Во селото постојано живеат 50 жители, а повремено доаѓаат триесетина. Миграцијата селоград го сторила своето. Селото се испразнило и во него останале жителите од постарата генерација. Како старечко село, Горно Село е поддржано со средства од Либерти фондацијата. Ретки се младите луѓе кои основале семејство и решиле да живеат во Горно Село.



Миле Стаменкоски, неговата сопруга и едногодишното синче се едно од ретките млади семејства кои одлучиле да живеат во селото. „Сè почна со една мала иницијатива", вели Миле Стаменкоски, еден од иницијаторите за изградбата на водоводот. „И покрај лошите услови, за жал, селаните не покажаа доволно желба за решавање на прашањето на водата во селото. Првиот пат кога се собравме да се договориме дали со поддршка на МЦМС ќе се обидеме конечно да го решиме нашиот проблем, како што тоа го направија другите села, селаните не беа многу расположени да се прифатат на оваа работа. Како и секаде, постоеја неколку кои беа решени да ја искористат приликата".

Секако, претходно требаше да се реши дилемата дали ќе се реконструираат постоечките чешми со квалитетна вода или ќе се направи секундарна мрежа. Селаните, исто така, имаа обврска да направат пристапен пат до местото каде што ќе се одвиваат градежните работи и да учествуваат со работна рака онаму каде што нема да биде возможно тоа да се направи со механизација. По расчистувањето на овие работи, тие се договорија изградбата да ја поддржат со свои средства во висина од 2.000 МКД по семејство. И така, земјените работи во Горно Село започнаа.

„Знаев дека на оние кои немаа доверба им е потребно да видат нешто конкретно. Кога започнаа земјените работи во селото и кога машините ги одминуваа куќите на оние кои не го платија самопридонесот, луѓето започнаа да се колебаат. Почнаа да интервенираат, да бараат да бидат вклучени во мрежата. За оние што покасно решија да го платат својот дел од самопридонесот решивме да ја зголемиме сумата. Таа е 3.200 МКД. А оние кои ќе се вклучат уште подоцна, ќе мораат да платат околу 5.000 МКД."

„Водата е големо олеснување, едноставно не се споредува она порано со ова сега", вели Гордана, сопругата на Миле покажувајќи на чешмата во кујната. Го напуштаме селото сместено во подножјето на Златоврв. Испраќајќи нè, Миле ни ги покажува двата рибника што ги направил. Ни ги кажува своите планови за во иднина и своите надежи дека повремените жители ќе станат постојани и дека за селото и за неговите жители ќе дојдат подобри времиња. Сигурно е дека уште многу треба да се работи во Горно Село за да се создаде сликата што Миле ја има во главата, но нешто е направено и тоа ги придвижува луѓето, им ја враќа вербата во себе, им покажува дека тие можат успешно да ги решат и другите проблеми што со години ги тиштат.

СЕЛО КРУПИШТЕ, КАРБИНЦИ

Дека неорганизираноста, недовербата и немотивираноста на селаните можат да им направат само лоша услуга, може да се види од примерот на селото Крупиште, Карбинци. Овие три обесхрабрувачки елементи придонесоа за нефункционирање на водоводната мрежа цели 11 години.

И покрај недостатокот на вода за пиење, иницијативата за решавање на проблемот на водоснабдување не ја покренаа селаните туку општината Карбинци. Проектот во кој се вклучи МЦМС овозможи изработка на пумпна станица и санација на дел од уличната водоводна мрежа. Единаесетгодишното нефункционирање на водоводната мрежа предизвика дополнителни, непланирани активности.

Селаните активно се вклучија во спроведувањето на активностите. Денес тие имаат доволни количини квалитетна вода за пиење. Индивидуалните приклучоци се направени од страна на комуналното претпријатие на општината, со поставување водомери. На овој начин ќе се обезбедат услови за правилно одржување на водоводот.

СЕЛО ДЕБРИШТЕ, РОСОМАН

Ако го посетевте селото Дебриште, општина Росоман, кон средината на 1998 година ќе можевте да видите слика што не е карактеристична за селата во оваа нова општина. На селската чешма се собрале десетина жени и ви се чини како со себе да ги понеле сите садови во кои може да се наполни вода.

Селото Дебриште, сместено во југозападниот дел од општината Росоман и 15 км оддалечено од градот Кавадарци, со своите 166 жители, во средината на 1998 година беше единственото село од оваа општина што го немаше решено проблемот со водоснабдувањето.



Двете селски чешми со мала штедрост не само што не ја даваа потребната количина за селаните и нивната стока, не само што беа оддалечени од куќите, туку и водата од нив не беше бактериолошки исправна.

Ако ги прашате жените собрани околу чешмата „како сте"?, ќе одговорат како една: „Како можеме да бидеме, со оваа мака, да се пере на средсело на чешма како во претходниот век". Сепак, од немајкаде, некои од жителите што се отселиле од селото пред многу години започнале да се враќаат. „Јас се вратив уште пред пет години", вели една жена. Тема Манева има нешто повеќе од 40 години, две деца од кои едното завршило средно образование, а другото втора година средно школо. „Јас не сум од селово", вели таа, „мојот сопруг е роден тука. Кога се зедовме, некое време живеевме тука, а потоа се преселивме во Кавадарци. Мажот ми имаше државна работа, не беше лошо платен, јас не работев. Успеавме да направиме куќа во градот, си ги дадовме сите заштедени пари за тоа. По некое време работите тргнаа надолу. Пари сè помалку, започнаа принудни одмори, сè додека не се затвори фирмата. Моравме да се вратиме назад. Најтешко беше да им објасниме на децата дека се враќаме во село. Тие не беа навикнати на овој начин на живот. Куќата на родителите на мажот ми каде што сега живееме беше многу пропадната, а ние немавме пари да ја реновираме, нема вода куќата, како што нема во ниту една куќа во селото, ама што да се прави. Сега се занимаваме со земјоделие за да преживееме и се надеваме дека барем водоводот ќе го направат, и барем основното, водата да ја имаме. Најтешко било, како што велат старите: „да имаш па да немаш!" - вели Тема Манева. А водоводот, приказна за себе. Иницијативниот одбор на селото за изградба на водовод успеал да обезбеди средства за изградба на водоводната линија како и за набавка и монтажа на цевки. МЦМС ги обезбеди средствата за изградба на резервоарот. И кога сè се чинеше дека ќе биде во најдобар ред, селаните не можеа да се договорат кој ќе ги направи последните 70 метри од доводниот цевовод. За ова им беше потребен цел месец. Со големи напори, се постави цевоводот, се испроба резервоарот и системот беше пуштен во функција.

СЕЛОТО КРУПИШТЕ, ЛОЦИРАНО НА САМИОТ ПАТ ШТИП-КОЧАНИ, Е ОДДАЛЕЧЕНО 9 КМ. ОД ОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР КАРБИНЦИ, БРОИ ЧОО ЖИТЕЛИ. ЦЕЛИ 11 ГОДИНИ ОВИЕ ЛУЃЕ КОРИСТЕЛЕ БАКТЕРИОЛОШКИ НЕИСПРАВНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ОД ЕДНА ЧЕШМА И НЕКОЛКУ ПЛИТКО КОПАНИ БУНАРИ.

ОСНОВНО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ГРУПИТЕ ВО НЕПОВОЛНА И МАРГИНАЛИЗИРАНА ПОЛОЖБА

ПРОГРАМАТА Е НАСОЧЕНА КОН ДЕВОЈКИТЕ И ЖЕНИТЕ, ДЕЦАТА И МЛАДИНЦИТЕ, ПОСЕБНО ВО РУРАЛНИТЕ И СУБУРБАНИТЕ ПОДРАЧЈА КАКО И КОН ПРИПАДНИЧКИТЕ НА ВЕРСКИТЕ И ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА; ДЕЦАТА И МЛАДИНЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ: ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ПРЕЧКИ; АСОЦИЈАЛНИ И ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАНИ ДЕЦА И МЛАДИНЦИ КОИ СЕ ОТКАЖАЛЕ ОД ОБРАЗОВАНИЕТО ИЛИ КОИ СЕ НЕВРАБОТЕНИ; МЛАДИТЕ КОИ СЕ ЖРТВИ НА ЗАВИСНОСТИТЕ И СИДАТА, ДЕЦАТА И МЛАДИНЦИТЕ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ПРОСТИТУЦИЈА И БЕЗДОМНИЦИ И СТАРИ ЛИЦА.

ОПШТА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА Е ДА СЕ ПОДОБРИ ПРИСТАПОТ КОН ОСНОВНОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ГРУПИТЕ ВО НЕПОВОЛНА И МАРГИНАЛИЗИРАНА ПОЛОЖБА, А ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНАТА САМОУВЕРЕНОСТ И САМОПОМОШ ВО КОНТЕКСТ НА СИРОМАШТИЈАТА И НЕВРАБОТЕНОСТА.

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА Е ДА СЕ ПОТТИКНАТ МОЖНОСТИ И ДА СЕ ДАДЕ ДОВОЛНО ВИСОК ПРИОРИТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИТЕ ПОТРЕБИ НА ГРУПИТЕ ВО НЕПОВОЛНА И МАРГИНАЛИЗИРАНА СОСТОЈБА, ПРИЛАГОДЕНИ НА ПОТРЕБИТЕ И ЈАЗИКОТ НА „УЧЕНИКОТ", ФОКУСИРАНИ НА ЧОВЕЧКИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ, ЕТИКАТА И ОСНОВНИТЕ ВЕШТИНИ.

Задачи на Програмата се: да се даде висок приоритет на образовните потреби на девојките и жените, посебно во руралните подрачја; да се подобри капацитетот на предшколско и основно образование за подобрување на квалитетот и ефикасноста, посебно со развој на „наставни планови според потребите на учениците" и методи кои се фокусираат на човечките и граѓанските вредности, етика и основни вештини, со промоција на образование за посебни потреби и со нагласок на стекнување на вредности и насоки поддржувачки за демократско граѓанство и живот во мултикултурно општество; да се поддржи понатамошниот развој на рани детски програми и услуги, посебно преку поддршка на поширока свест меѓу лидерите во заедниците, НВО, работодавците, родителите, здруженијата на учители и директори и локални власти; да се поддржи проширувањето на писменоста, постписменост и основни образовни програми за возрасни преку различни и флексибилни модели на испорака и програми фокусирани врз стекнување практични вештини за секојдневниот живот и вработување; да се поддржи обука преку пракса и иновативни обуки за вештини за подобрување на самопомош во контекст на сиромаштијата, невработеноста и економската несигурност; да се зајакнат можностите за основно образование за групите во неповолна и маргинилизирана положба, со поддршка на програми прилагодени на потребите и јазикот на ученикот и со соодветна употреба на локалните ресурси и информации; да се промовира здравствено образование за девојките и жените, како и превентивни образовни програми против употреба на дрога, алкохол и тутун, СИДА и други „болести убијци"; да се јакне капацитетот на невладините организации за иницијативи и активности од основното и здравственото образование; да се мобилизира поддршка за основно и здравствено образование за сите, од сите главни институции и актери и да се одржи политичка и јавна посветеност во стремежите за основно и здравствено образование за сите преку зајакнување на соработката со медиумите, креатори на јавното мислење, со НВО, со парламентарни и со развојни партнери.



МЦМС одобри 27 пријави за проекти. Одобрените пријави, според формите на активности, можат да се поделат во неколку типови проекти. Одобрени се 4 проекти за техничка помош, 2 чија активност е меѓународната соработка, 3 од областа на информирањето, 2 за застапување и лобирање, далеку помногубројни се проектите за обука што вклучуваат курсеви за описменување, за здравствена едукација и за преквалификација на учесниците.

КУРС ЗА ОПИСМЕНУВАЊЕ, САЖМ

Кон крајот на 1998 година МЦМС го одобри проектот „Курс за описменување" на Сојузот на албанската жена во Македонија, огранок во Скопје.

Истражувањето што оваа организација го спроведе по системот „од врата до врата" ги опфати девојките и жените Албанки на возраст до околу 45 години.

Официјално, процентот на неписмено население во Македонија изнесува 14%, а најголем дел од нив се жени. Затоа со локално делување во Скопје и со организирање на курс за описменување, САЖМ-огранок Скопје се обидува да даде придонес во решавањето на овој проблем. Целта е да се поддржи процесот на еманципација и основните потреби на жените, да се описменат неписмени девојки и жени, да се социјализираат и да се отвори можност за нивно вработување.

Анкетираните неписмени жени изјавуваат дека најмногу ги боли неможноста да им помогнат на своите деца при совладувањето на училишните обврски: „... Ми иде да пукнам од с'клет кога син ми не знае да го напише домашното, а јас гледам немо во тетратката и како да не гледам ништо", вели една од анкетираните жени.

Образованието е клучна алка за еманципацијата на жената, а образуваната жена е неопходна потреба како за семејството така и за поширокаата заедница. Со Курсот за описменување група од 50 девојки и жени - Албанки ќе завршат 4 одделенија основно образование, а друга група жени кои имаат незавршено основно образование ќе го довршат осумгодишното школување, ќе добијат свидетелства, а со тоа и можност за пријавување во Бирото за вработување, обезбедување државна здравствена заштита и евентуално вработување.

КУРС ЗА КРОЕЊЕ И ШИЕЊЕ, „МЕСЕЧИНА" - ДЕБАР

Дебарскиот огранок на Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина" направи анкета меѓу ромската популација во Дебар. Анкетата покажа дека еден од најголемите проблеми што ги тишти Ромите е невработеноста, посебно на жените, и нискиот стандард на живеење. Веројатноста дека дел од кандидатките, по завршување на курсот, ќе обезбедат вработување во претпријатието „Новост" од Дебар уште повеќе ја зголемува мотивираноста кај жените Ромки. Курсот се спроведува во просториите на Текстилниот комбинат „Новост" од Дебар. Наместо планираните 30 жени кои требаше да го посетуваат курсот, поради зголемениот интерес одлучено е посетата на курсот да им се овозможи на 45 жени.



Делумното надминување на проблемите и вклучувањето на жената-Ромка во општествениот живот оваа организација го гледа во едукацијата на оваа популација и во нејзината доквалификација или преквалификација. Одржувањето курсеви за кроење и шиење е еден од начините да се дојде до одреден степен на квалификаци-

По завршување на курсот, кандидатките ќе полагаат пред комисија и оние кои што успешно ќе го положат тестот ќе имаат можност да конкурираат за вработување.

ОФИЦИЈАЛНО, ПРОЦЕНТОТ НА НЕПИСМЕНО НАСЕЛЕНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА ИЗНЕСУВА 14%, А НАЈГОЛЕМ ДЕЛ ОД НИВ СЕ ЖЕНИ. ЗАТОА СО ЛОКАЛНО ДЕЛУВАЊЕ ВО СКОПЈЕ И СО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУРС ЗА ОПИСМЕНУВАЊЕ, САЖМ - ОГРАНОК СКОПЈЕ СЕ ОБИДУВА ДА ДАДЕ ПРИДОНЕС ВО РЕШАВАЊЕТО НА ОВОЈ ПРОБЛЕМ.

ПРОГРАМА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

ОПШТА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО (ПГО) Е ПОНАТАМОШНО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МОБИЛИЗАЦИЈА И ЈАКНЕЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СО ПОДДРШКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА НИВНИТЕ АКТИВНОСТИ ПО ОБЕМ И ПО ГЕОГРАФСКА ОБЛАСТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНИОТ ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА СЕ: ДА СЕ ПОДДРЖАТ АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПОТРЕБИ НА ПОМАЛИТЕ И НОВИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО; ДА СЕ ОВОЗМОЖИ ПЕРСОНАЛОТ И АКТИВИСТИТЕ НА ОВИЕ ОРГАНИЗАЦИИ ДА СЕ ЗДОБИЈАТ СО ОСНОВНИ АДМИНИСТРАТИВНИ И ОРГАНИЗАЦИОНИ ВЕШТИНИ ЗА ВРЕМЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА ПОНУДЕНИТЕ УСЛУГИ; ДА СЕ ОБУЧАТ СЛУЖБЕНИЦИ ОД ПОГОЛЕМИТЕ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ДЕЛУВААТ КАКО ЧАДОР ОРГАНИЗАЦИИ; ДА СЕ ПОМОГНЕ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ФИНАНСИСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ЗА АКТИВНОСТИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА, НА НИВО И ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЧЛЕНСТВОТО; ДА СЕ РАЗВИЕ КАПАЦИТЕТОТ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА ТАКВИ АКТИВНОСТИ.

ЦЕЛНА ГРУПА СЕ НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА, А ОСОБЕНО ОНИЕ ОД ОБЛАСТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ, ЖЕНИТЕ И ЖЕНСКИТЕ ПРАВА, ЕКОЛОГИЈАТА И ЗДРАВСТВОТО.

Вкупно 30 НВО биле корисници на директна поддршка од МЦМС во текот на 1998 година и тоа: 15 во Канцеларијата за поддршка на НВО (14 од претходните години) и 15 во Фондот за мали проекти; 250 НВО биле опфатени со информирањето (објавени во Адресар и на листа за дистрибуција на НВО билтен); во обуката спроведувана од МЦМС учествувале 243 активисти на невладини организации, кои остариле вкупно 261 учество на курс.

Со Програмата се спроведуваа четири типа активности: Канцеларија за поддршка на НВО (КНВО), информации, обука, и Фонд за мали проекти (ФМП).



КУРС ЗА ИР/ОЈ ЗА НВО ОД ЈУГОЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на спроведувањето на Програмата за граѓанско општество 1995-1998 година Одделението за развој на граѓанското општество организираше повеќе типови курсеви и тоа: за користење на компјутери, основно канцелариско работење, раководење со проектен циклус и институционален развој (ИР) и организациско јакнење (ОЈ) за избрана група невладини организации.

Потребите за обука на НВО во Македонија беа идентификувани во 1996 година со анкета за потребите од обука.



Со цел да се создадат услови за меѓусебно поврзување на НВО, МЦМС организираше курсеви за НВО на регионално ниво.

Курсот за ИР/ОЈ придонесе кон спроведување на политиката на јакнење на локалните НВО. Беа опфатени 16 претставници од 9 локални организации од југозападна Македонија, поконкретно од Охрид, Струга, Ресен и од околните места.

Учесниците активно се вклучија во работата. За тоа како и колку научиле зборуваат нивните импресии: „Во образецот за пријава на курсот стоеше дека оној што ќе го посетува курсот за ИР/ОЈ треба да има претходно искуство. Јас се сметав себеси за такво лице“, вели Арта Емуш, од ЕД „Натура“. „На курсот дознав дека немам толку многу искуство и познавање на овие работи како што си мислев претходно.“

Иако претставници на невладини организации со различен сектор на делување, и генерациски доста различни, 16-те членови на оваа група сосема добро се согласуваа. Дискусиите за тоа како сè што слушнале да го применат во својата организација продолжуваа и на паузите. Во однос на материјалот и начинот на презентација можеби најилустративна е оценката на Решад Арслановски од ЕД „Тишкинец“ од с. Подгорци. „Јас сум комплетно поразен, мислев дека знам многу повеќе“, изјави за време на оценувањето на курсот. „Ваквите курсеви е потребно да ги организирате и во другите институции, и во владините, не само во невладините. Ова што тука се случуваше во претходните три дена за мене беше снаоѓање во НВО светот и во животот“, заврши Решад.

Овој курс отвори нови празнини за дел од учесниците. Уште во текот на курсот, а и во подоцнежните контакти со МЦМС, тие изразија желба за нови курсеви кои ќе им помогнат поефикасно да ја завршуваат работата во нивните организации, а со тоа да се зголеми и ефектот во организирањето на граѓанското општество воопшто.

КУРС ЗА КАНЦЕЛАРИСКО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ ЗА СОЈУЗОТ НА СЛЕПИ

Курсот за канцелариско работење, генерално, се вклопува во напорите да се поттикне организирањето на граѓанското општество во Македонија и да им се овозможи на постојните организации кои им помагаат на хендикепираните лица да зајакнат и да го подобрат квалитетот на својата работа. Потребата од обука е поизразена доколку се има предвид дека Сојузот се прилагодува кон новите услови на дејствување како невладина организација, сервис на визуелно хендикепираните лица и дека постојано ги проширува своите активности.

Сојузот на слепите на РМ и неговите основни организации, и покрај долгогодишното постоење, немаа развиен систем на чување и архивирање на документите така што специфична обука од овој вид беше повеќе од неопходна.

На курсот учествуваа 17 претставници од Сојузот на слепите на РМ и неговите основни организации од Скопје, Струмица, Прилеп, Битола, Кочани, Охрид, Штип, Гевгелија и Кичево, кои се обучија за основните вештини за основите од архивско и канцелариско работење.

„ВАКВИТЕ КУРСЕВИ Е ПОТРЕБНО ДА ГИ ОРГАНИЗИРАТЕ И ВО ДРУГИТЕ ИНСТИТУЦИИ, И ВО ВЛАДИНИТЕ, НЕ САМО ВО НЕВЛАДИНИТЕ. ОВА ШТО ТУКА СЕ СЛУЧУВАШЕ ВО ПРЕТХОДНИТЕ ТРИ ДЕНА ЗА МЕНЕ БЕШЕ СНАОЃАЊЕ ВО НВО СВЕТОТ И ВО ЖИВОТОТ“, РЕЧЕ АРСЛАНОСКИ ОД „ТИШКИНЕЦ“, С. ПОДГОРЦИ

ЕКО КАМП ПЛАЧКОВИЦА, ЕД „ЈАВОР", С. ЗРНОВЦИ

ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ЕКО КАМПОТ ЕД „ЈАВОР" ОД ЗРНОВЦИ СМЕТААТ ДЕКА НА ОВОЈ НАЧИН ЌЕ СЕ ДАДЕ МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОВОЈ ДЕЛ НА ПЛАНИНАТА ПЛАЧКОВИЦА ШТО ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА ЗРНОВЦИ. ОСВЕН ТОА, ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ЈАВНАТА КАМПАЊА ЗАПОЧНАТА ОД ОВА ЕКОЛОШКО ДРУШТВО ЗА СНАБДУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТНА, ЗДРАВА И ЧИСТА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ.

Во рамките на Фондот за мали проекти МЦМС го поддржа проектот „Еко камп Плачковица" на ЕД „Јавор" од Зрновци.

Еко кампот имаше меѓународен карактер и цел да се лобира за прогласување на регионот Плачковица како природен резерват или како национален парк.

Организаторите на еко кампот изработија научна студија врз основа на резултатите добиени од истражувањата. Студијата ќе биде доставена до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и ќе има за цел укажување дека со прогласувањето на течението на за реката за природен резерват или национален парк ќе биде спречено понатамошното негативно делување на човекот.

Организаторите на Еко кампот ЕД „Јавор" од Зрновци сметаат дека на овој начин ќе се даде можност за развој на туризмот во овој дел на планината Плачковица, што ќе придонесе за економскиот развој на општината Зрновци. Освен тоа, ќе продолжи и јавната кампања започната од ова еколошко друштво за снабдување со квалитетна, здрава и чиста вода за пиење.

На Еко кампот му претходеа и ќе следуваат по него и други активности како што се: одржување трибини, печатење летоци, плакати и друг пропаганден материјал, снимање на филм за резултатите од еко кампот, лобирање и сл.

Во деновите на викендот на Еко кампот присуствуваа и околу 150 посетители. По завршените теренски испитувања беше одржана трибина.



Членовите на научниот тим ги изнесоа своите првични согледувања и одговараа на прашањата на посетителите.

Заеднички став и заклучок на членовите на научниот тим е дека станува збор за еколошки здрава и чиста животна средина. Меѓутоа, целата убавина ќе ја снема доколку продолжи масовното сечење на шумата од страна на шумските стопанства и локалното население. Досегашната сеча услови намалување на водата во реката Зрновка и во реките Морошка и Видовишка. Ако се продолжи со вакво темпо, ќе дојде до исчезнување на огромен број растителни и животински видови.

ДРУГИ И ОСТАНАТИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Надвор од планираните активности по програмите, спроведени се уште 4 проекти: 2 јавни дебати (за Законот за Данок за додадена вредност-ДДВ и за перспективите на развојната соработка меѓу Холандија и Македонија), еден проект за Законот за здруженија на граѓани и фондации што опфати одржување на трибини и издавање брошура за НВО за постапката за пререгистрација според новиот Закон, како и еден покомплексен проект за човековите права во Македонија.

ИНФОРМАЦИИ И ПУБЛИКАЦИИ ОД НАДЕЖНО МРФП

ПРОГРАМА ЗА ИНФОРМАЦИИ И ПУБЛИКАЦИИ

Општа цел на Програмата е подобрување на информирањето за ситуацијата, условите, предизвиците и невладините програми и потребите на Македонија во странство и во земјата и да се создадат услови за мобилизација на ресурси.

Цел на Програмата е обезбедување регуларен тек на информации за ситуацијата, условите, предизвиците и невладините програми и потребите на Македонија во странство и во земјата и подобрување на внатрешниот тек на информации.

Целна група на програмата се сите целни групи на МЦМС како и меѓународните НВО, владините институции, политичките партии, Универзитетот, медиумите, ССЦ и персоналот.

Во текот на 1998 година МЦМС продолжи да го издава МЦМС Билтенот и Прилог за информациите од Македонија и од Балканот. Издадени се и дистрибуирани 6 броја од овие публикации.

Издаден е и Годишниот извештај на МЦМС за 1997 година. Со него беа обезбедени информации за работењето на организацијата во текот на 1997 година.

МЦМС континуирано контактираше со печатените и со електронските медиуми во Македонија. Резултат на тоа се 18 објавени написи за МЦМС во печатените медиуми, како и 32 информации за МЦМС презентирани на електронските медиуми.

ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

МЦМС започна активности за постигнување на поголемо влијание (импакт) во секторот на вработување и остварување приходи. Како дел од напорите за поголемо влијание во секторот на вработување и остварување приходи МЦМС, ја основа Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП). Македонската развојна фондација за претпријатија е последователна активност на Програмата за селски развојни иницијативи (ПСИ) и на Програмата за поттикнување на вработувањето.



Согласноста за поддршка на основањето на МРФП беше постигната помеѓу МЦМС и Амбасадата на кралството Холандија, на 25 мај 1998. МЦМС донесе Одлука за основање на МРФП на 12 јуни 1998 година, а ја дополни на 17 септември 1998 година.

Со МРФП управува Одбор на старатели кој го сочинуваат старатели избрани од управниот орган на МЦМС. Членови на Одборот на старатели се: Мирко Спироски, претседавач (МЦМС), Газменд Кадриу, заменик-претседавач (АКХ), Зоран Костов (Можности), Весна Стојанова (ИОО), Илија Бошков (Радобанк), Томче Тасевски (Алмако Банка), Герман Филков. Одборот на старатели на МРФП ја одржа својата 1 конститутивна седница на 28 септември 1998 година. МРФП е регистрирана во Регистарот на здруженија на граѓани и фондации под Рег. бр. 15 на 25 ноември 1998 год., со Решение на Основниот суд во Скопје (бр. 25/98). МРФП ќе ги спроведува финансиските услуги преку финансиски посредници. МРФП, претставувана од Сашо Клековски, застапник на МРФП, и Кралската амбасада на Холандија, претставувана од Хенк Хејнен, амбасадор во Република Македонија, склучија договор за финансирање на Програмата за микро и мали претпријатија, за период од 10 декември 1998 до 10 декември 2000, во износ од околу 8.9 милиони холандски гулдени.

Договорот беше склучен на 10 декември 1998 година.

СОГЛАСНОСТА ЗА ПОДДРШКА НА ОСНОВАЊЕТО НА МРФП БЕШЕ ПОСТИГНАТО ПОМЕЃУ МЦМС И АМБАСАДАТА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА НА 25 МАЈ 1998 ГОДИНА. МЦМС ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА МРФП НА 12 ЈУНИ 1998 ГОДИНА, А ЈА ДОПОЛНИ НА 17 СЕПТЕМВРИ 1998 ГОДИНА.

СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС

ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО

КОЛЕКТИВНИ ЧЛЕНКИ НА МЦМС

1. Хуманитарна организација „Хомос“ (Хомос)
2. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ (Месечина)
3. Хуманитарна организација „Ел Хилал“ (Ел Хилал)
4. Хелсиншки комитет за човекови права (ХКЧП)
5. Движење на екологистите на Македонија (ДЕМ)
6. Младински совет на Македонија (МСМ)
7. Сојуз на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (ССУКМ)
8. Организација на жените на Македонија (ОЖМ)
9. Сојуз на организациите на жените во РМ (СОЖМ)
10. Сојуз на албанската жена во Македонија (САЖМ)
11. Сојуз на пензионерите на Македонија (СПМ)

ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО

1. Г. Мирко Спироски претседател
2. Г-ѓа Нуриje Кадриу (САЖМ)
3. Г-ѓа Муќерем Руси (САЖМ)
4. Г. Зоран Костов (МСМ)
5. Г-ца Анета Андонова (МСМ)
6. Г. Точи Мухамед (Месечина)
7. Г. Арифи Сељам (Месечина)
8. Г. Рамадан Сејфулов (Хомос)
9. Г. Ќани Рамадан (Хомос)
10. Г. Абдурауф Пруси (Ел Хилал)
11. Г. Бехиџудин Шехапи (Ел Хилал)
12. Г. Андон Марковски (СПМ)
13. Г. Вите Исјановски (СПМ)
14. Г-ца Биљана Стевановска (ДЕМ)
15. Г. Свето Стефановски (ДЕМ)
16. Г-ѓа Васка Калинска (СОЖМ)
17. Г-ѓа Савка Тодоровска (СОЖМ)
18. Г-ѓа Јорданка Куситасевска (ОЖМ)
19. Г-ѓа Надежда Герасимова (ОЖМ)
20. Г. Мето Јовановски (ХКЧП)
21. Г-ѓа Хатице Исљами (ХКЧП)
22. Г. Митко Кржовски (ССУКМ)
23. Г. Сашо Стрезоски (ССУКМ)

ИЗВРШЕН ОДБОР

1. **Г. Мирко Спироски, претседател**
   доктор на медицински науки,
   професор на Медицинскиот факултет

2. **Г-ѓа Нуриje Кадриу (САЖМ)**
   наставник, претставник на огранокот на Сојузот на албанската жена на Македонија во Скопје

3. **Г. Зоран Костов (МСМ)**
   новинар и главен и одговорен уредник на весникот „Студентски збор“

4. **Г. Мухамед Точи (Месечина)**
   невработен, член во претседателството на ХДЗР „Месечина“

5. **Прота Драги Костадиновски (МПЦ)**
   старешина на Соборната црква „Св. Климент Охридски“- Скопје и генерален секретар на „Милосрдие“, агенција на Македонската православна црква

6. **Зејнула ефенди Фазлиу (ИВЗ)**
   референт во Мешихатот на Исламската верска заедница

7. **Пречесен Михаил Цеков (ЕМЦ)**
   свештеник на Евангелско - методистичката црква во Струмица

8. **Г. Иван Тулевски**
   невропсихијатар, шеф на Центарот за превентива и лекување на болестите на зависности

9. **Г-ца Наташа Габер**
   доктор на политички науки, истражувач во Универзитетскиот центар за меѓуетнички односи

10. **Г-ѓа Теута Крашница-Чучкова**
    уредник коментатор во Македонското радио, мировен активист

ПЕРСОНАЛ НА МЦМС

На крајот на 1998 година МЦМС броеше вкупно 17 вработени. На тимот на МЦМС му се приклучија: Анета Трајковска (библиотекар /рецепционер, февруари 1998 година), Горан Булдиоски (обучувач, мај 1998 година), Сунчица Миневска и Лилјана Алчева Јовановска (обучувачи, септември 1998 година), додека Бесим Небиу, проект - асистент го напушти МЦМС во јуни 1998 година.



Спроведени се повеќе скроени курсеви и тоа: за финансиско раководење и буџетирање (април), за институционален развој и организациско јакнење (јули), за одржливост (септември), за градење тим (октомври).

Курсевите за финансиско раководење и буџетирање и за одржливост ги посетија сите вработени, курсевите за институционален развој и организациско јакнење и за градење тим беа организирани за средното раководство, додека индивидуално беа посетени курсевите за финансиски систем и софтвер, мобилизација на фондови, промоција на економски и социјални права и траект за институционален развој и организациско јакнење.

Курсевите ги спроведе организацијата Управување за развојни фондации (МДФ), Еде, Холандија.



СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА

Во 1998 година продолжи нагорниот тренд во односите на МЦМС со целните групи.

Односите со властите, на национално ниво, се развиваа исто така поволно. Со Министерството за правда е остварена соработка за Законот за здруженија на граѓани и фондации, а со Министерството за финансии за Законот за данок на додадена вредност. Законот за здруженија на граѓани и фондации е прв успешен пример за лобирање. Согласно одлуката на Конзорциумот за Македонија, што беше донесена на III-та редовна средба, ова тело се среќава еднаш на три години. Секоја година се среќава Извршната група на Конзорциумот која ја сочинуваат Европа деск, DCA, CAID и МЦМС. Извршната група на Конзорциумот ја одржа својата прва средба во април во Скопје. На средбата учествуваа Европа деск, DCA, ССЦ Оддел IV, AG KED и МЦМС. Како гости учествуваа и претставници од Diaconia Agape, Албанија. Во ноември е одржана работна средба со Г. Карел Рихтер, претседавач на Конзорциумот.



САД/ЕУ НАГРАДА ЗА ДЕМОКРАТИЈА И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

На 18 мај 1998 година, во приватната резиденција на британскиот амбасадор, на МЦМС му беше доделена САД/ЕУ Наградата за демократија и граѓанско општество. На доделувањето на наградата, освен членовите на ИО и дел од персоналот на МЦМС, присуствуваа амбасадорите на земјите членки на ЕУ во Македонија. САД/ЕУ Наградата за демократија и граѓанско општество е воспоставена минатата година по повод 50-годишнината од Маршаловиот план и 40-годишнината од Римските договори.

Наградата е големо признание за досегашната работа на Македонскиот центар за меѓународна соработка, но и предизвик за работењето во иднина. Заради поттикнување на натамошниот развој на демократијата и граѓанското општество, МЦМС одлучи наградата во износ од 20.000 УСД да ја употреби за основање на Фонд за награда за придонес во развојот на граѓанското општество на локално „grassroots" ниво. Доделувањето на оваа награда МЦМС ќе ја координира со претставниците на ЕУ и САД.



ЗАРАДИ ПОТТИКНУВАЊЕ НА НАТАМОШНИОТ РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, МЦМС ОДЛУЧИ НАГРАДАТА ВО ИЗНОС ОД 20.000 УСД ДА ЈА УПОТРЕБИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ФОНД ЗА НАГРАДА ЗА ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО НА ЛОКАЛНО „GRASSROOTS" НИВО.

PRICEWATERHOUSECOOPERS



PricewaterhouseCoopers
ul: "Marshal Tito" 12
"Palata Makedonija" IV floor
PO Box 355
91000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 91 116 638
+389 91 111 012
+389 91 110 623
Facsimile +389 91 116 525

НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

До Македонски центар за Меѓународна Соработка
Хуманитарна Асоцијација - Скопје

1. Извршивме економско-финансиска ревизија на консолидираниот биланс на состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка Хуманитарна Асоцијација - Скопје за годината завршена на 31 Декември 1998 и 1997 година и на соодветните извештаи за приходите и расходите и паричниот тек, прикажани на страните од 2 до 14. Одговорноста за овие финансиски извештаи е на раководството на МЦМС. Нашата обврска е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи базирано на нашето испитување.

2. Економско-финансиска ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди на ревизијата. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршуваме ревизијата со цел да добиеме доволно сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Економско-финансиската ревизија вклучува испитување докази што ги поткрепуваат износите и прилозите во финансиските извештаи, врз основа на тестирање. Економско-финансиската ревизија исто така вклучува оценка на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и проценка на презентацијата на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизијата обезбедува доволна основа за нашето мислење.

3. Според наше мислење, финансиските извештаи во сите материјални аспекти реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка - Хуманитарна Асоцијација - Скопје на ден 31 Декември 1998 и 1997 година, билансот на приходите и расходите и паричниот тек, подготвени во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди.

PricewaterhouseCoopers

Скопје, 25 Март 1999

СКОПЈЕ

PricewaterhouseCoopers



ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ


Програм директорот е обврзан со актите на МЦМС (член 45 од Правилникот за финансиско работење, дел. број 01 - 54 / 1 - 1997 и член 23 од Правилникот за водење сметководство, дел. број 01-108/2-1995), да го подготви Финансискиот извештај кој дава објективен и реален преглед на состојбата на работите на МЦМС на крајот на секоја финансиска година.

Тој е исто така одговорен за внатрешната финансиска контрола, за чување на средствата на МЦМС и за превенција и откривање на злоупотребата и други нерегуларности.


Во подготовката на овој финансиски извештај, Програм директорот има осигурено дека е употребувана и постојано применувана соодветна сметководствена политика, дека се следени применливите сметководствени стандарди и дека се направени разумни и умни судови.

Сашо Клековски
Програм директор

ИЗВОРИ НА ПОДДРШКА НА МЦМС



КАКО МЦМС ЈА УПОТРЕБИ ПОДДРШКАТА



КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
на ден 31 декември

(износите се во илјада македонски денари - МКД, 100 ДЕМ = 3092.4812 МКД)

Опис	Заб.	1998	1997
А. СРЕДСТВА			
Постојани средства			
Основни средства	2	20.614	22.789
Нематеријални вложувања	3	350	0
Обновливи фондови	4	9.306	11.048
Вкупно постојани средства		30.270	33.837
Обртни средства			
Парични средства		8.459	1.184
Залихи		360	0
Аванси		462	1.866
Побарувања од купувачите		8	1.831
Кратк. финан. побарувања		12.596	12.412
Други краткорочни побарувања		4.680	1.166
Други побарувања		73	9.325
Вкупно обртни средства		26.636	27.784
Активни временски разграничувања		2.239	9.767
Вкупно активни времен. разгран.		2.239	9.767
Вкупно средства		**59.145**	**71.388**
Б. ОБВРСКИ			
Краткорочни обврски			
Добавувачи		4.331	5.122
Други краткорочни обврски		2.568	2.718
Вкупно краткорочни обврски		6.899	7.840
Долгорочни финансиски обврски		6.387	10.045
Вкупно долг. финансиски обврски		6.387	10.045
Пасивни временски разграничувања		9.838	9.899
Вкупно пасивни времен. разгран.		9.838	9.899
Вкупно Обврски		**23.124**	**27.784**
Фондови и резерви			
Фондови		33.806	41.466
Ревалоризирана резерва		2.215	2.138
Вкупно фондови и резерви		36.021	43.604

КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
за годината завршена на 31 декември

(износите се во илјада македонски денари - МКД, 100 ДЕМ = 3092.4812 МКД)

Опис	Заб.	1998	1997
А. ПРИХОДИ			
Донации и грантови			
Конзорциум за Македонија			
ICCO		21.266	26.990
DCA		7.129	4.316
BCEE		6.866	6.863
CAID		683	853
ED/DIA		0	6.184
NCCC		0	1.649
ED/CDR		0	275
ED/LF		2.133	1.371
DIA		656	656
Вкупно Конзорциум за Македонија		38.732	49.157
Владини и меѓувладини организации			
DIA/DGIS		4.295	6.500
Останати владини и меѓувладини		3.140	0
Вкупно владини и меѓувладини орг.		7.435	6.500
Останати			
Вкупно останати		0	531
Вкупно донации и грантови		**46.167**	**56.188**
Камати		2.054	1.060
Позитивни курсни разлики		1.885	2.228
Вонредни приходи		834	109
Сопствени приходи		520	234
Пренесени приходи од минатата година		0	5.346
Вкупно приходи		**51.460**	**65.165**
Б. РАСХОДИ			
Добротворни расходи			
Програма за водоснабдување на селата	6	19.702	17.652
Програма за селски иницијативи		0	1.261
Програма за достоин. на хендикепирани	7	790	2.555
Програма за образ. и здравст. образ.	8	6.725	0
Програма за поттикнување на вработув.		55	0
Програма за јакнење на Ромите	9	349	6.380
Програма за цивилно општество	10	3.601	3.154
Други програмски активности	11	2.869	0
Вкупно добротворни расходи		34.091	31.002
Набавна вредност	12	1.584	0
Вкупно набавна вредност		1.584	0
Отпис на обновливи фондови		0	12.020
Вкупно отпис на обновливи фондови		0	12.020
Оперативни расходи			
Информации и публикации	13	1.206	842
Оперативни расходи	14	22.239	18.342
Вкупно оперативни расходи		23.445	19.185
Вкупно расходи		**59.120**	**62.208**
БИЛАНС		**(7.660)**	**2.958**

З А Б Е Л Е Ш К И

ЗАБ.1: РЕЗИМЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПОЛИТИКА

а) Основа за подготовка

Финансискиот извештај на МЦМС е подготвен во согласност со законските стандарди во Македонија и со стандардите издадени од Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди.

Финансискиот извештај е изготвен во согласност со концептот на набавната цена.

Основите на сметководствената политика се уредени со следниве акти на МЦМС: Правилник за водење на сметководството бр. 01-108/2-1995; Уредба за водење на сметководството бр. 05-110/2-1995; Уредба за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со стварната состојба, бр. 05-112/1-1995; Уредба за начинот и постапката за пресметување на амортизацијата и нематеријалните вложувања бр. 05-111/3-1995 и Аналитички контен план на МЦМС бр. 05-71/2-1995.

б) Консолидација

Финансискиот извештај се однесува на МЦМС и на Конзорциумот за Македонија. МЦМС не управува со Конзорциумот за Македонија, меѓутоа средствата, на Конзорциумот се резервирани за МЦМС.

в) Основни средства

